# Војвода на коњ ќе дојава на Првомајска

- Општина Кисела Вода ќе постави споменик на македонски војвода качен на коњ, на ротондата што ќе се гради на раскрсницата меѓу улиците Првомајска и Народни херои. Коњаникот е дел од Програмата за поставување спомен-обележја на територијата на Кисела Вода за периодот од 2008-2012 г., која Советот ја дополни вчера со нови споменици.

Коњаникот ќе биде висок 5 метри, ќе се лее во бронза и ќе се постави на мермерен постамент со височина од 3 метри. Ќе се гради со пари од Владата. Не е познато на кој македонски војвода се мисли, односно Општината остави тој дел да биде мистерија, слично како и Општина Гази Баба која со месеци не признава дека коњаникот што ќе го постави на плоштадот во Автокоманда ќе биде на античкиот крал Филип Втори.

Во предлог-програмата е предвидено да се постави и споменик на паднатите бранители во централниот парк на населбата Драчево, со општински пари. Тој ќе биде висок 3 метри, исто колку и постаментот, а ќе се изработи од бронза.

Предвидено е поставување на обележја-плочи на домовите на загинатите бранители Игор Костески, Бобан Трпков, Љубомир Акимовски, Тодор Стојановски, Александар Стојчев и Драган Илиевски. Плочите ќе бидат изработени од месинг, со изгравиран текст со димензии 25 на 35 сантиметри. Ќе се постави и плоча на комитата Јане Павлески-Блажо, роден во селото Драчево во 1884 година, кој загинал за Македонија во селото Сопиште пред 100 години, како и биста на Фредерик Шопен во Паркот на птиците, кај ОУ „Невена Георгиева Дуња“.

Идејата за изработка на споменик на македонски војвода на коњ наиде на жестока реакција кај советниците од СДСМ.

**Општина Кисела Вода ќе постави петметарски бронзен споменик на македонски војвода на коњ, на раскрсницата меѓу „Првомајска“ и „Народни херои“**

- Не разбирам како оваа програма предвидува споменици што не ја одразуваат денешницата. Кој е тој македонски војвода на коњ? Мислам дека никој не знае со што тој придонел за нашата општина - рече Бранислав Игњатовиќ од СДСМ и додаде дека овие споменици не се ни блиску до Општина Кисела Вода.

- Кога во населбата Пинтија нема вода, кога сѐ уште постојат септички јами и нема атмосферска канализација, ние ќе правиме споменици на македонски војводи. Тоа што меѓу останатите споменици е и споменик за паднатите борци-бранители, е злоупотреба на нивното име. Тие луѓе чесно и пожртвувано ја бранеа нашата држава и подобро би било парите за биста и спомен-плочи да се искористат за стипендирање на нивните деца или за помош на нивните најблиски - рече Игњатовиќ.

Советникот Милован Кнежевиќ од СДСМ реагираше дека прво треба да се најде техничко решение за изведба на ротондата, за што е потребно време. Како член на комисијата за култура и спорт, Јовица Димоски од СДСМ реагираше што во програмата не е наведена финансиската пресметка за тоа колку би чинеле наведените споменици.

Според Љупчо Трајчев од ВМРО-ДПМНЕ, на ваков начин се докажува постоењето на македонскиот народ.

- Предизвикот да се докажува оти Македонија постоела, постои и ќе постои ќе го бранам додека сум жив - рече Трајчев. (А.П.) ■